зи, конзерватори, архитекти, лингвисти, сликари, документатори, фотографи, ботаничари, зоолози, студенти, геометри, ѕидари, работници и други знајни и незнајни дејци, успеа да му ја врати хармонијата и сјајот на овој бесценет камен од ризницата на ареолошки, историски, ументички, етнолошки и еколошки споменици од Македонија.

Монографијата *Голем Град – Преспа* штотуку постанува хрестоманија за материјалната и духовна култура на овие простори за времето од неолитот преку антиката и средновековието до трансформациите во народните преданија.

Изработена многу професионално, со научна акрибија и стилска грамотност, оваа монографија покажува дека ваквите дела се, навистина, големи дела.

*Проф. д-р Елица Манева*
Филозофски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

СВЕТЛАНА ЛОМА*, Клаудије Гал и Северови нови сенатори.* Истраживања из епиграфике, просопографије и римске политичке историје деведесетих година II века, Београд, 2010, pp. 355.

Нема никаков сомнеж, дека владеењето на Септимиј Север е значаен период од времето на Римското царство. Меѓутоа, врз основа на историографските извори, во прв ред биографијата на Север во *Historiae Augustae*, повеќето од современите научници долго време го прикажувале неговото владеење во негативно светло. Со просопографските истражувања во последните педесетина години во голема мера се поправа тенденциозниот приказ во наративните извори, а со тоа и кај современите научници. Еден од клучните проблеми при оценувањето на владеењето на Септимиј Север е неговиот однос кон сенатот, односно прашањето дали неговиот став кон сенаторите бил во потполност непријателски, и кои биле принципите врз кои ова тело било пополнувано во времето на неговото владеење; но и врз кои начела биле доделувани најважните заповеднички места во провинциите. Токму тоа е прашањето што Светлана Лома се обидува да го одгатне во оваа книга. До одговорот на ова прашање авторката се обидува да стигне со анализа на кариерите на петнаесет блиски соработници на Септимиј Север.

Во уводниот дел од книгата (9–36), авторката дава преглед на мислењата и на главните проблеми поврзани со односот на Север кон сенатот; потоа следува еден концизен и јасен преглед на начелата врз кои почивало пополнувањето на сенатот и доделувањето на највисоките функции во времето на Антонините; а на крајот на уводот е дадено објаснување за методологијата што ја применува при изборот на петнаесетте соработници. Оваа група е намерно ограничена само на оние што, пред да бидат избрани за конзули, извршувале барем една преторска функција од 193 г. н.е., односно од времето кога Север завладеал со Рим. Како што заклучува С. Л., станува збор за приближно половина од посведочените, а четвртина од вкупниот број на легати во конзуларните провинции, што може да се земе како репрезентативна бројка. Поглавјето е дополнето со список на легати-

те во конзуларните провинции во времето на Север, како и една мошне полезна табела, каде се набројани службите што ги извршувале овие петнаесет соработници на Север.

Вториот дел, *Тиберије Клаудије Гал*, го зазема централното место во ова дело (37–155). Откако ги прикажува изворите за кариерата на Клаудиј Гал што ги имаме на располагање, С. Л. продолжува со анализа на првата функција што ја извршувал откако Север дошол на власт, а тоа е *curator civitatis Thessalonicensium* во 193 г. н.е. Оваа функција на Клаудиј Гал генерално е потценувана и занемарена од современите научници. Ваквата оцена е резултат на тоа што оваа должност на К. Гал е анализирана изолирано, без да се земе предвид општата воено-политичка состојба во тој момент, односно без да се поврзе со драматичните настани што во тоа време се случувале недалеку од Тесалоника. Се разбира, станува збор за почетната фаза од граѓанската војна меѓу Септимиј Север и Песцениј Нигер, при што главните воени дејствија се одиграле кај Византиј и Перинт. Со детална анализа на сите расположливи извори и текот на воените дејствија, С. Л. доаѓа до заклучок дека состојбата била многу посериозна одошто би можело да изгледа на прв поглед, и дека успехот на Север во никој случај не бил загарантиран. Според тоа, и функцијата и одговорноста на К. Гал во Тесалоника не смее да се потценува. Дека станувало збор за вонредно важна фунцкија сведочи и фактот што непосредно пред назначувањето на оваа функција, К. Гал бил примен во сенатот, иако оваа функција вообичаено им била достапна и на еквестрите. На оваа функција К. Гал најверојатно останал до 195 г. н.е., односно до падот на Византиј и враќањето на Север од истокот.

Со оглед на тоа што сенаторската кариера ја започнал како куратор, С. Л. претпоставува дека последната еквестриска служба на К. Гал била кентенариска. Со оглед на тоа што К. Гал бил еквестриски трибун, може да се претпостави дека во текот на еквестриската кариера тој заповедал и со квигенарна ала и една или повеќе сексагенарна прокуратела. Преку споредба со другите еквестриски кариери од времето на Комод, авторката заклучува дека К. Гал најверојатно бил трибун на кохорта во последните години од владеењето на М. Аврелиј.

Меѓутоа, се поставува прашањето – со што воопшто К. Гал ја заслужил ваквата доверба на Септимиј Север? За да одговори на ова прашање, С. Л. се впушта во исцрпна анализа на состојбата и воената организација во Далмација. Откако втората делматска кохорта за прв пат се споменува во Салона, сите понатамошни извори говорат дека потоа била префрлена во источна Далмација, и сместена кај Чачак. Ваквото преместување најверојатно треба да се поврзе со внатрешни проблеми и немири што ја зафатиле оваа провинција, како резултат на кризата на дунавската граница во времето на Марк Аврелиј. Одбраната и смирувањето на состојбите на таа територија успешно ги спровел Дидиј Јулијан, најверојатно меѓу 175/6 и 180 г. н.е. Присуството на овие единици во источна Далмација мора да се објасни со потребата да се заштитат локалните рудници и транспортот на рудата. На состојбата на оваа територија е посветено толку внимание, затоа што како трибун на II делматска кохорта се споменува Клаудиј Гал, кого авторката мошне уверливо го идентификува со подоцнежниот сенатор на Север. Според палеографските одлики на натписот каде се споменува Гал, С. Л. цени дека тој бил трибун во 170-те години, и тоа најверојатно во времето на Дидиј Јулијан.

Поистоветувањето на сенаторот Гал со трибунот на II делматска кохорта се темели на еден натпис, кој според предложеното читање на С. Л. е

на Клаудиј Евтихет, ослободеник на сенаторот К. Катул Гал. Доколку предложеното читање е точно, тогаш овој натпис е мошне силен аргумент за идентификувањето на Гал сенаторот со Гал трибунот, бидејќи натписот е најден недалеку од местото каде била стационирана II делматска кохорта. Врската на сенаторот Гал со оваа територија дополнително може да се поткрепи и со фактот што неговата жена Флавија Приска потекнувала од *municipium Malvense*. Според тоа, авторката цени дека познатиот сенатор Гал треба да се поистовети со сенаторот Клаудиј, чиј надгробен натпис, поставен од неговиот син, е најден во *municipium Malvense*. Уникатното обележување на Клаудиј како *eq(ues) R(omanus) c(larissimus) v(ir)* упатува на заклучок дека станува збор за еквестер кој бил примен во сенатот. Ова означување, С. Л. дополнително го објаснува како пропагандна порака до локалната аристократија – дека не им се недостапни дури и највисоките управни места во државата. Според авторката, овие Клаудии не биле дел од романизираното домашно население, туку потомци на италски доселеници, кои прво живееле во крајбрежните градови, за потоа да се преселат во внатрешноста.

На крајот на ова поглавје, авторката се обидува да ја реконструира еквестриската кариера на К. Гал. Ваквата реконструкција се темели врз аналогии, посредни показатели и претпоставката дека тој имал регуларна еквестриска кариера. Авторката претпоставува дека во времето на узурпацијата на Север, К. Гал можеби бил на некоја значајна кентенарна позиција, од која можел да му направи значителна услуга на узурпаторот. Според неа, К. Гал можеби бил поставен за прокуратор на Далматско-панонските *argentariae*, па во критичниот момент во 193 г. н.е. му овозможил на Север пристап до сребро што било неопходно за исплата на војската. Според тоа, можеби токму со оваа услуга К. Гал го заслужил вонредното назначување за куратор на Тесалоника. Ваквите реконструкции, без одлучувачки и директен доказ, се разбира не може да се прифатат без резерва. Впрочем и авторката истакнува дека станува збор само за една веројатна реконструкција, без при тоа да инсистира дека таа е сосема сигурна. Меѓутоа, мора да се истакне дека дури и да се покаже во иднина дека понудената реконструкција на еквестриската кариера на К. Гал не е точна, тоа сепак нема да го загрози најважниот заклучок на авторката, а тоа е идентификацијата на сенаторот Гал со трибунот на II делматска кохорта. Во најлош случај, единствено не би знаеле која е причината што К. Гал бил назначен за куратор на Тесалоника.

Во третиот дел, *Обликовање владајућег слоја под Септимијем Севером*, С. Л. дава преглед на кариерите на останатите четиринаесет соработници на Север, чии кариери се поделени во четири групи (157–250). Првата група ја сочинуваат легиските трибуни од времето на Марк Аврелиј, поточно од периодот 171–180 г. н.е.; втората легиските легати во 193 г. н.е.; третата легатите од преторските провинции во периодот 194–205 г. н.е.; и последната група од легиски легати во 194/5 г. н.е. Авторката дава исцрпен преглед на сиот постоечки изворен материјал за секој од овие соработници. Меѓутоа, би било погрешно да се помисли дека станува збор само за еден список од собрани извори. Авторката има што да каже за кариерата на секој од нив, се разбира соодветно на изворите што í се на располагање, што дополнително допринесува за понатамошно расветлување на односот на Север кон владеачниот слој. Верувам дека за оние што се заинтересирани главно за оштите одлики од владеењето на Септимиј Север, ова поглавје ќе биде особено информативно, интересно и полезно.

Во завршниот дел од книгата (251–261), С. Л. со право заклучува дека поранешното видување на Север како император кој бил инхерентно непријателски настроен кон сенатот не може да се прифати; исто како што не може да се прифати и претпоставката дека тој бил одговорен за формирање на една силна африканска група во сенатот. Иако значителен дел од овие припадници на владеачкиот слој потекнувале од Африка, од каде бил и Север, сепак нивното напредување се темелело пред сè на нивните лични заслуги и способности. Всушност, бројноста на оние што потекнувале од Африка, т.е. Нумидија, попрво може да се објасни како резултат на силната африканска групација во времето на Марк Аврелиј, кога повеќето од нив и ја започнувале својата кариера. Станувало збор за способни луѓе кои му дале поддршка на Север во критичниот момент кога решил да тргне на Рим. Тоа биле пред сè воените офицери (а не управниците на провинциите) кои во голема мера биле заслужни што војските од овие провинции го поддржале Север. Навистина, нема сомнеж дека речиси сите тие биле *homines novi*; меѓутоа, нивното интегрирање во аристократијата било спроведено според начелата што важеле и во времето на Антонините. Тоа може да се забележи и од примерите на К. Гал и Клаудиј Клаудијан, чии понатамошни кариери се одвивале според тогашните правила.

На крајот следуваат и неколку додатоци (263–308), каде се дадени изворите за почетокот на војната меѓу Север и Песцениј Нигер (1); за војската во источна Далмација (2); за присуството на Flavii и Claudii во муниципиумот Malve(n)siatium (3); и анализа на кариерите на Авит Алексијан и Валериј Валеријан (4).

Секој што барем малку морал да се позанимава со прософографски проблеми, не само од историјата на Рим туку воопшто, веднаш ќе биде импресиониран од квантитетот и квалитетот на тоа што е презентирано во оваа книга. Авторката вешто се снаоѓа низ мноштвото материјал, но што е многу поважно, начинот на изложување на сведоштвата и анализата на проблемите му овозможува и на читателот (дури и ако не е подетално запознаен со прософографските проблеми од времето на Римското царство) со леснотија да ги следи главните нишки на аргументација и да создаде слика за секоја од овие личности.

Во време кога се чини дека се повеќе се јавува тенденција главните историски проблеми да се анализираат и толкуваат со разни детерминирачки фактори, било да се тоа правни, економски, социолошки, воени и слично, што за жал често се прави на сметка на улогата на поединците, оваа книга е добредојдено освежување што ни овозможува подобро да се запознаеме со водечките личности од еден мошне значаен период од римската историја. Со расветлувањето на кариерите на соработниците на Септимиј Север, се стекнува подобар увид и во начинот на владеењето на Септимиј Север и неговиот однос кон владеачкиот слој, поради што убеден сум дека оваа книга ќе биде од голем интерес не само за оние што се заинтересирани за прософографијата од овој период, туку и воопшто за сите заинтересирани за времето на Септимиј Север.

*Стефан Пановски*
Филозофски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје